# АВТОМОБИЛИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**АВТО И КАРТИНГ СПОРТ**

# ПОСЕБЕН ПРАВИЛНИК ЗА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ НА СПОРТСКИТЕ ФУНЦИОНЕРИ ВО АВТО КАРТИНГ СПОРТ

*Февруар*- ***2008, Skopje***

Врз основа на член 1 став 2 од Правилникот за авто и картинг спорт на Автомобилистичката федерација на Македонија,Управниот одбор на АФМ на својата седница одржана на 22.01. 2008 година донесе

## I. РЕГИСТРАЦИЈА

### Член 1

Сите лица кои активно работата во организациите (АК/АКК) и се грижат за омасовување, развој и унапредување на авто-картинг спортот, а сакаат да стекнат својство на спортски функционери на АФМ во својство на член од 37 до 43 од Правилникот за авто-картинг спорт, мора да бидат регистрирани. Регистрацијата на спортски функционери од "Б“ и “А” ранг ја врши комисијата за издавање лиценци на СФ на АФМ и за истото води евиденција.Исто така води евиденција и за спортски функционери од меѓународен (интернационален) карактер.

## II. КВАЛИФИКАЦИИ

### Член 2

Спортски функционер (во понатамошниот текст СФ ) е волонтерска функнкција на која може да биде секој, кој сака да допринесе за развојот на авто и картинг спортот во Македонија, и ќе ги исполни следните услови:

- да е член во едно од АК/АКК ( носител на натпреварувачка лиценца ) кое во доменот на авто и картинг спортот е здружен во АФМ.

- да е на возраст најмалку 16 години

-да го положил тестот на знаење,кој е организиран од страна на комисијата за СФ на АФМ.

Сите што ги исполнуваат горенаведените услови добиваат наслов и лиценца на спортски функционер - судија помошник**.** Како судија помошник мора да биде две години. Ако во тој период СФ успешно и активно работел, кое го потврдува матичниот клуб може да побара дозвола за проверка на знаењето за лиценца судија.

Спортските функционери се делат на ранг во авто и картинг спортот и на степен на оспособување и усовршување на стручност во спортот , распоредени по критериум на Комисија за СФ на АФМ
ги дели на:

| РАНГ | НАСЛОВ | Стручни наслови,рангови на самостојни спортски лица |
|---|---|---|
| Б1 | СУДИЈА ПОМОШНИК | СТРУЧНО ЛИЦЕ 1/-ПОМОШНИК- |
| А1 | СУДИЈА | СТРУЧНО ЛИЦЕ 1/-ШЕФ/ТРЕНЕР / СУДИЈА |
| А2 | КОМЕСАР | СТРУЧНО ЛИЦЕ 2/ИНСТРУКТОР I/ТРЕНЕРИ/СУДИЈА |
| А3 | МЕЃУНАРОДЕН КОМЕСАР | СТРУЧНО ЛИЦЕ 3/ИНСТРУКТОР II/ТРЕНЕР II/СУДИЈА |

По предлог програмата за оспособување на СФ при АФМ , кои ги верифицира Упаравниот Одбор на АФМ , СФ добиваат лиценци во оквир на горните рангови.

По основ на тој ранг и соодветна специјализација во делот на авто и картинг спортот на АФМ секој СФ ги добива следните наслови:

1. СУДИЈА - ПОМОШНИК
2. СУДИЈА
   СУДИЈА - ТЕХНИКА
   СУДИЈА - ХРОНО(мерачи на време)
3. КОМЕСАР
   КОМЕСАР - ТЕХНИКА
4. МЕЃУНАРОДЕН КОМЕСАР (КОМЕСАР FIA/ЦИК )

**Член 3**

За добивање на поголем ранг - наслов и специјалност , мора СФ да положи тест на знаење . За таков тест ,може да се кандидира само оној СФ , кој претходно бил носител на лиценца од понизок ранг ,непрекинато најмалку три години ,освен судија помошник кој напредува во поголем ранг по две години. По успешно положен тест на знаење СФ мора една година во својот ранг и специјалност да биде приправник.

Тест на знаење во карактеристичните рангови и специјалности ,мора секој СФ да го повтори секој три години.

Поради познавање авто и картинг правилници на натпреварите ,мора да направи тест на знаење и секој возач натпреварувач и тоа најмалку во ранг на судија помошник.

Тестовите на знаење кај ранговите кој се однесуваат на специјалност ,ги одре дува Комисија за СФ по предлог на Стручните Комисии.

Комисијата за СФ ќе подготви Правилник за полагање испит,начин на полагање и систем на проверка на знаење на постојните СФ.

СФ мора на натпреварите на кој се ангажирани да имаат лиценци со соодветен ранг и специјалност.

Гледајќи го развојот на авто и картинг спортот и додавање на нови дисциплини во календарот на натпревари стручните комисии предлагаат до Комисијата за СФ на АФМ проширување на насловите и специјалноста на СФ - активни лица на натпреварите , така по потреба се појавуваат и мора да бидат верифицирани со секој годишен спортски правилник на АФМ.

За своја долгогодишна работа СФ може да добие наслов на заслужен СФ. Наслов заслужен спортски функционер и доделување на тој наслов се определува во Правилникот за признанија на АФМ.

Со предлог на Комисија за СФ се доделува свечана облека на СФ ,која е задолжителна за носење а на неа е задолжителен и знакот на АФМ. Потребните средства за изработка на истата ги обезбедува АФМ.

Секој СФ има право да ја обнови (продолжи) својата лиценца секоја година. За таа цел преку својот АК/АКК треба да поднесе барање на кое ќе наведе на кои се натпревари учествувал во претходната година и какви задолжениа извршувал. Пред добивање на лиценцата на покана од комисијата за СФ мора де посети семинар и да се запознае со сите промени и нови правила.Исто така комисијата за СФ е надлежна да ја провери работата на СФ во тековната година пред да му овозможи обновување на лиценцата.

| | ТАБЕЛА ЗА РАНГОТ НА | ЛИЦЕНЦИТЕ НА | С.Ф НА АФМ |
|---|---|---|---|
| бр | СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ | МИНИМАЛЕН НАСЛОВ | СПЕЦИЈАЛНОСТ |
| 1 | Претседател на жири и членови | КОМЕСАР | |
| 2 | Директор на трката | КОМЕСАР | |
| 3 | Претседател на верификација | КОМЕСАР | |
| 4 | Секретар на натпревар | КОМЕСАР | |
| 5 | член на верификација | Судија помошниик/Судија | |
| 6 | Технички делегат | Технички Комесар | Техника |
| 7 | Шеф на Хроно | КОМЕСАР | Хроно |
| 8 | Член на хроно | Судија хроно | Хроно |
| 9 | Претседател на техничка комисија | КОМЕСАР | Техника |
| 10 | Член на техничка комисија | Технички судија | Техника |
| 11 | ДЕЛЕГАТ | КОМЕСАР | |
| 12 | Судија во Бокс | Судија/Судија помошник | |
| 13 | Судија на патека | Судија/Судија помошник | |
| 14 | Судија на Цел | Судија/Судија помошник | |
| 15 | Стартер | Судија | |
| 16 | Шеф на сигурносна служба | КОМЕСАР | |
| 17 | Шеф на ПП служба | | во соработка со ПП бриг. |
| 18 | Шеф на медицинска екипа | | во соработка со здрав.орг |
| 19 | СФ за контакт со возачи | Судија/КОМЕСАР | Странски јазици |

## III. ОБРАЗЕЦ НА ЛИЦЕНЦИ

### Член 4

Сите натпреварувачки лиценци се издаваат на пропишан образец.. Натпреварувачките лиценци од национален А1 и А2 ранг се изработуваат на жолта основа со димензии 50 х 90 мм,на која се наоѓа фотографијана натпреварувачот,и дисциплината за која се издава лиценцата,рангот,АКК/АК,крвна група и Рх фактор. Натпреварувачките лиценци од интернационален ранг А3 се со истиот формат и содржина како и националните,со тоа што истите се испишани на Англиски јазик. .Формата,натписите , ознаките и содржината на лиценците ги одредува АФМ односно ФИА .

## IV. ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ

### Член 5

Лиценци за спортски функционери од меѓународен ранг за автомобилски спортови и картинг ги издава АФМ.

Сите лиценци за А и Б ранг и почесни ,ги издава АФМ(Управниот одбор на АФМ).Барање за издавање на лиценца за меѓународен ранг поднесува АК/АКК, со тоа што не може да се бара издавање на меѓународна лиценца за функционер кој нема лиценца од "А" ранг.

Сите барања за издавање на лиценци мораат да бидат поднесени на пропишан образец што ги содржи сите потребни податоци во врска со издавање на легитимацијата и регистрација на функционерот. Со образецот се приложуваат фотографии и доказ за платена членарина на АФМ за годината за која легитимацијата се издава или заверува.

Барањата за издавање на лиценци се поднесуваат во период од 1 Јануари до 31 Март тековната година.

**Член 6**

При издавањето на лиценцата може да се наплатува надомест. Висината на надоместот се одредува со посебна Одлука на ФИА, АФМ и АК /АКК.

**Член 7**

Важноста на лиценцта за спортски функционери по правило е од 1 јануари до 31 декември тековната година.

Издавањето и продолжувањето на важноста на лиценци за спортски функционери се врши од 1 јануари до 31 Март за тековната година

За издадените лиценци се води соодветна картотека во АФМ и АК/АКК

## V. ПРИСТАП НА НАТПРЕВАРИ

**Член 8**

Организаторот е должен да достави список за ангажирани СФ на натпреварот до комисијата за СФ..

Списокот ќе биде одобрен по претходно разгледување од страна на комисијата за СФ.Комисијата на СФ го задржува правото на измени и дополнување на списокот и истиот го верификува.

Комисијата за СФ ги назначува набљудувачите кои треба да присуствуваат на натпреварот кои вршат надзор на сите СФ на натпреварот,и води евиденција за сериозноста на задачите и ги има предвид во понатамошното делегирање.

Сите спортски функционери на АФМ со важечка лиценца од "А1"и "А2" ранг и меѓународен ранг имаат право на бесплатен влез на сите авто и картинг натпревари на територијата на Р.Македонија

## VI. ИЗВРШНИ ФУНКЦИИ НА НАТПРЕВАРИТЕ

**Член 9**

Извршните функции на натпреварите ги обавуваат спортските функционери дефинирани со одредбите од член 36 од Правилникот за авто и картинг спорт на АФМ.

Спортски функционери:

1. директор на натпревар
2. Помошник директор за врски
3. членови на жири
4. секретар на натпревар
5. мерачи на време (хроно екипа)
6. тотализатор
7. раководител на "сервисен" и затворен паркинг (бокс)
8. раководител на техничка комисија
9. раководител на верификациона (административна) комисија
10. лице за контакт со возачи
11. стартер - финишер

**Член 10**

Должност на извршните функционери се дефинирани со одредбите од член 11 до 20 од овој Правилник .

Сите извршни функционери на натпреварот се должни да се јават на директорот и да бидат на работното место 60 минути пред почнување на работата, при претходна проверка на функционалноста на задолжителните материјално технички средства за обавување прифатената должност, а да бидат во целост спремни за работа најкасно 30 минути пред отварање на судиските места предвидени со програмата на натпреварот.

**Член 11**

**А.** Должности на директорот на натпреварот:

1. Во припремниот период врши обезбедување на потребни предуслови за одвивање на натпреварот и ја координира работата на раководството на натпреварот.
2. Одговорен е пред организаторот за раководење и правилен тек за изведување на натпреварот, како и надзор и контрола на возачите, на патеката и безбедноста на сите учесници и посетители на натпреварот.
3. Наредува од патеката или најзината близина да се одалечи секое лице кое одбива да изврши соодветна наредба и го заменува со друго лице,
4. Го исклучува секој возач, односно извршен функционер, кои со своето однесување го пореметува нормалното одвивање на натпреварот, и може да изрече парична казна во висина од 100 до 300 евра,за што го известува жирито,кое што казната ќе ја потврди или промени.Казната мора да биде врачена во писмена форма на казнетиот,за да може да има можност на жалба.
5. Старт (почеток) или евентуален прекин на натпреварот, може да следи по наредба на директорот,
6. Одговорен е за работата на сите извршни функционери,
7. Одговорен е за обезбедување на нормални услови за работа на сите надзорни спортски функционери,
8. Присуствува на сите седници на жири, на кои поднесува извештај за текот на одвивање на натпреварот и други информации кои од него ќе се побараат, и ги спроведува сите одлуки на жирито.
9. Должен е да прима приговори во писмена форма и да ги проследува до жири комисијата и да биде на располагање на натпреварувачите за време на периодот предвиден за приговори и жалби.

Во зависност од видот на натпреварот, директорот може да има еден или повеќе помошници односно заменици.

**Член 12**

**Б**. Должност на помошник директор за врски се:

1. Да дава знак за старт наместо вообичаениот стартер.
2. Да раководи со спортскиот дел на натпреварот и да се грижи за примена на сите правилници и други општи акти кои се однесуваат на натпреварот.
3. Да ги исклучи од поедини возења или од целиот натпревар возачите кои ги прекршиле правилата на натпреварот.

4. Да изрекува казни предвидени со Правилниците.
5. Да ги повикува возачите на старт.
6. Во исклучителни случаеви да не дозволи почеток или продолжување на натпреварот .
7. Во случај на спреченост веднаш, а најкасно во рок од 7 дена пред натпреварот за тоа да го извести спортскиот форум кој го определил, како би можело на време да се извести неговиот заменик. Во колку и заменикот е спречен судија за државен и меѓународен определува судиската комисија на АФМ.
8. По завршеток на натпреварот должен е да ги собере сите изјави од судиите на тој натпревар.

**Член 13**

**В**.Должности на жири се:

1. Жирито е составено од три члена предложени од организаторот кои треба да бидат од различни клубови а ги одобрува судиската комисија.
2. Натпреварот го спроведуваат во согласност со Правилникот за авто картинг спорт неговите додатоци,анекси и посебниот правилник ,
3. Пред почетокот на натпреварот ги прегледуваат сите документи според кои се одржува натпреварот
4. Жирито ја прегледуваат патеката и ја споредуваат со елаборатот и лиценцата на истата. Доколку некои обврски од елаборатот не се исполнети го одложува почетокот на тренингот или натпреварот за два часа, за кое време организаторот треба да постапи по забелешките на жирито,
5. Претседателот на жирито го предлага дневниот ред, ги води седниците и го одржува редот на истите, а по потреба отстранува лица (претставници на АК /АКК и други,кои ја нарушуваат дисциплината), се грижи за уредна изработка и заверка на записниците,резултатите, одлуките и други документи од натпреварот и ги доставува со предлог до дисциплинскиот судија.
6. Во случај на инцидент ги сослушува учесниците и зема нивни изјави и доставува предлог-барање за поведување на дисциплинска постапка,
7. Да изрекува парични казни од 100 до 300 евра на самиот натпревар
8. Да ги решава приговорите од технички домен и ги прифаќа или одбива останатите.
9. Доколку жирито констатира потреба може да го прекине натпреварот.
10. Ги заверува официјалните резултати од натпреварот,
11. Може да отстрани возач или функционер кој не ги почитува наредбите на надлежните службени лица.
12. Може да наименува СФ во случај на неприсатност на одредени СФ

**Г.** Должности на секретар на натпревар се:

1. Одговорен е за материјалната организација на натпреварот
2. Проверува дали сите спортски функционери се запознати со своите обврски и дали се снабдени со потребната опрема
3. Раководи со сите подготвителни работи околу одржување на натпревар и се грижи за изработка на резултатите на натпреварот.
4. Тесно соработува и помага на директорот и жирито на натпреварот

**Д.** Должности на секретарот на жирито се:

1. Води записници од седници на жирито и истите ги куца ,
2. Се грижи за резултатите и ги доставува на жирито и директорот
3. Изготвува соопштенија, заклучоци и одлуки од седниците на жирито,
4. Врши други административни работи,

**Член 14**

**Ѓ**. Должности на судија на натпревар се:

1. Еден час пред почетокот на натпреварот биде на своето судиско место и ги изврши сите припреми и да ја провери функционалноста на задолжените материјално-технички средства кои му се потребни за синхронизирање судење, односно извршување на работните задачи за време на натпреварот,
2. за време на натпреварот да биде на соодветното место предвидено со планот за судење и елаборатот на патеката,
3. да е во постојан контакт (радио врска) со раководството на натпреварот,
4. постојано да го известуваат раководството на натпреварот за сите случувања, а нарочито инциденти, и неспортско однесување на дел од патеката кое тоа судско место го контролира,
5. да ракуваат со сигнализацијата (знамињата) во согласност со соодветните правила и прописи,
6. по завршување на тренингот и натпреварот да изготви по сопствена одговорност писмен извештај со скица за сите инциденти неспортско оденсување и несреќи кои се случиле во зоната на нивните судски места.
7. да не го напуштаат собирното место и да присуствуваат на седницата на жири поради давање дополнителни информации доколку од нив тоа се побара.
8. Да не влегува во никаков вербален или било каков друг конфликт со сите учесници во натпреварот и да поднесе писмен извештај до комисијата за СФ во колку биде навредуван или омаловажуван од страна на натпреварувачи,членови на тимови и други спортски функционери без разлика дали тоа се случило за време на натпреваро или во текот на сезоната.
9. Ако судијата не ги извршува своите обврски како што е наложено ќе биде казнет со одземање на дневница и не делегирање на други натпревари.
10. Во случај на повторување на грешките и намерно ,тенденциозно неспортско однесување во предлог период од страна на СФ,комисијата за СФ може да предложи одземање на лиценцата.
11. Судиите мора своите задачи на судиско место да ги спроведуваат совесно и непристрасно,и за целото времетраење на натпреварот да ги носта судиските ознаки дадени од страна на АФМ.

**Е**. Должности на мерачите на времиња (хроно екипа):

1. еден час пред почетокот на натпреварот да бидат на местото одредено со елеборатот за тој натпревар и да извршат проверка на функционалноста на мерните инструменти и комплетна припрема за обавување на мерење на времињата во текот на натпреварот,

2. да извршат мерење на времињата во согласност со дефинираниот начин на мерење во рамките на додатокот на Правилникот за поделни дисциплини за секоја година,
3. точно да го утврдат времето во кое секој возач (натпреварувач) на тренинг, односно трка преминал одредена делница или целата патека (зависно од дисциплината),
4. измерените времиња (стартно и целно) на тренингот односно трката со помош на тотализаторот ги поврзат со соодветните стартни броеви на возачите и да ги предадат на жирито на натпреварот по завршување на тренингот односно трката, на понатамошна обработка и верификација на истите,
5. вршат и други мерења на времиња предвидени со посебните правилници за соодветни натпревари, како и по посебен налог на директорот на натпреварот,
6. Задолжително присуствува на жири

**Член 15**

**Ж**. Должности на тотализаторот:

1. во секој момент да го утврди редоследот на поминување на натпреварувачките возила преку стартно целната линија на тренингот и трката,
2. заедно со мерачите на време изврши соодветно поврзување на измерените времиња со стартните броеви на натпреварувачките возила,
3. по сопствена одговорност да го одреди конечниот пласман на натпреварувачките возила на трката по класи и ги достави до жирито на натпреварот,
4. да присуствува на седници на жири по потреба, односно по покана

**Член 16**

**З**. Должност на раководителот на службата за пресметување на резултатите:

1. ја организира и контролира работрата на обработка на резултатите постигнати на тренингот, односно трката,
2. одговорен е за навремено и точно обработување на резултатите, што ги заверува со свој потпис пред истакнување на резултатите на званичната огласна табла,
3. под сопствена одговорност ги подготвува (изготвува) конечните резултати од тренингот и од натпреварот,
4. во текот на работата со секретарот на натпреварот и службата за мерење на времињата, а за својата работа одговорен е пред директорот на натпреварот,
5. по потреба присуствува на седници на жири.

**Член 17**

**Ѕ**. Должности на раководителот на сервисниот и затворениот паркинг:

1. ја организира и контролира работата на затворениот паркинг (par ferme),

2. го организира паркирањето на возила по класи, се грижи за благовремено изготвување на дивизиите (класите) за старт, врши прегрупирање на возила за тренинг и трка по класи и идентификација на возачите пред излегување на стартот, ја контролира пропишаната опрема (кацига, комбилизон, ракавици и сл.)
3. ги истакнува на огласни табли незваничните резултати од тренинг и трки,
4. ги издвојува, чува и обезбедува возилата кои подлежат на приговор,
5. за својата работа одговорен е пред директорот на натпреварот,
6. по потреба присуствува на седница и на жири

**Член 18**

**И**. Должности на раководителот на техничка комисија на организаторот:

1. формира техничка комисија на организаторот на натпреварот и раководи со работата на истите,
2. ги изработува потребните обрасци и ги обезбедува останатите потребни документи, материјал и средства за непречена работа на техничката комисија,
3. врши контрола на возилата пред, а ако е потребно или предвидено за време и по завршување на натпреварот со цел да утврди дали возилата одговараат на пропишаните услови за соодветниот натпревар.
4. по сопствена одговорност го припрема извештајот за жирито за примените возила на натпреварот,
5. присуствува на првата седница на жирито, а на останатите седници по потреба и барање на жирито.

**Член 19**

**Ј**,.Должности на стартер-финишер:

1. на пропишн начин го одреди и означи моментот на старт, односно моментот кога возачот ја завршува трката или возењето односно влезот во целта,
2. на натпреварите на затворени кружни патеки, во соработка со своите помошници, по пат на соодветна сигнализација, ги известува возачите за преостанатите број на кругови до крајот на трката, односно тренингот,
3. да биде во постојана врска со директорот на натпреварот,
4. да ги извршува и останатите работи опишани како должностите на судиите на патека, како и да врши сигнализација која е посебно пропишана за ова судско место,
5. присуствува на првата седница на жири.

**Член 20**

**К**. Должности на раководителот на верификациона (административна) комисија :

1. формира верификациона комисија за натпреварот и раководи со работата на истата,
2. ги изработува потребните обрасци, извештаи и останатите потребни материјални средства за несметано работење на комисијата,
3. врши контрола на сите документи во врска со идентитетот на возачите и

останатите документи кои се потребни за прием на натпреварот и во текот целиот натпревар.

## НАДЗОРНИ ФУНКЦИИ

### Член 21

Надзорните функции на натпреварите ги обавуваат спортските функционери дефинирани со одредбите од член 36 од Правилникот за авто и картинг спорт на АФМ.

Должности на надзорните функционери од став 1 од овој член се дефинирани во одредбите од член 22 до 24 од овој Правилник.

### Член 22

- Должности на комесарот( делегатот) на АФМ се :

1. да се јави на директорот на натпреварот најкасно до почетокот на прием на возилата, возачите и натпреварувачите (технички преглед и верификација) и да го предаде писменото овластување,
2. да присуствува на седниците на жири на натпреварот,
3. да контролира дали натпреварот се одвива спрема постоечките правила,
4. да биде спремен да по сопствена одговорност поднесе извештај за пооделни настани на натпреварот, доколку за тоа од него се побара,
5. да во случај на спреченост веднаш, а најкасно во рок од 7 (седум) дена пред датата на одржувањето на натпреварот, за тоа го известо спортскиот форум кој го делегирал (одредил), како на време би бил одреден негов заменик.

6.Заедно со директорот на натпреварот да изврши преглед на патеката,со цел да утврди дали се спроведени сите прописани мерки за безбедност,согласно елаборатот.Во случај да констатира одредени недостатоци ,должен е да го предупреди директорот на натпреварот и да побара констатираните недостатоци да се поправат,Во случај да констатираните недостатоци кој можат негативно да влијаат на натпреварувачите и гледачите,неможат да бидат отстранети,должен е да го извести предсдателот на жирито,кој понатака ќе го одложи почетокот на натпреварот или конечно нема да го одобри натпреварот.

7.По негово барање може да изврши контрола на секој елемент од натпреварот

8.По завршување на натпреварот, а најкасно во рок од пет дена да поднесе писмен извештај до стручната комисија од дисциплината од која се одржува натпреварот.

Доколку комесарот (делегатот) не дојде на натпреварот, а своето отсуство писмено не го најавил во рокот утврден во став 1 точка 5, освен во случај на спреченост поради виша сила, истиот идната година не може да ја врши оваа функција.

### Член 23

- Должности на делегатот на техничка комисија на АФМ:

1. да ја следи и контролира работата на техничката комисија на организаторот.
2. По наодот од техничкиот преглед ,врши проверка на усогласеност на техничките карактеристики на возилата со хомологациите, правилниците на FIA, CIK, и АФМ и другите важечки правила и прописи, на дадени пригорови од возачи, односно натпреварувачи и по исклучок на барање на жирито на натпреварот.
3. по сопствена одговорност поднесува и извештај на жирото на натпреварот и Техничката комисија на АФМ.
4. ги обавува и останатите должности на делегатот предвидени во член 22 од овој Правилник

**Член 24**

- Должности на комесарот (делегатот )на АФМ

По завршување на натпреварот, а најкасно во рок од пет дена да поднесе писмен извештај до спортскиот форум кој го именувал.

Со извештајот задолжително се приложува комплетната документација од натпреварот (званична стартна листа, резултати од тренингот и трката, билтен и сл.)

На комесарот кој во пропишаниот рок не поднесе извештај, нема да му се исплатат патните трошоци и тој не може во следната година да биде именуван за комесар (делегат).

Извештајот на комесарот (делегатот) на АФМ од натпреварот, стручната служба на АФМ е должна да го чува во оргинал, а копија од извештајот на организаторот е должна да му достави најкасно во рок од 15 дена од приемот на извештајот од комесарот.

**ПАТНИ ТРОШОЦИ**

**Член 25**

Патните трошоци на комесарите (делегатите) на АФМ паѓаат на товар на АФМ.

Организаторот е должен да го уплати износот за дневници за СФ најкасно 4 (четири ) дена пред почеток на натпреварот на сметка на АФМ.Во случај на непрефрлање на средства нема да биде одобрен списокот на СФ за тој натпревар,и нема да се дозволи присаство на СФ на тој натпревар.

**Член 26**

Патните трошоци опфаќаат:

1. Дневници
2. Судска такса
3. Трошоци за превоз
4. Трошоци за ноќевање

**Член 27**

1. За деновите поминати на пат како и ангажирање на самиот натпревар на спортските функционери се исплатуваат дневници спрема важечките законски одредби, а во висина на дневниците на АФМ.
2. Висината на судската такса и дневници зависи од функциите кои ги обавуваат спортските функционери на натпреварот и тие се исплаќаат според наведените коефициенти.

- директор,пом. на директор за врски и делегати 2,0 дневници за еден ден
- жири, секретар и мерачи на време 1,5 дневници за еден ден,
- Техничка и верификациона комисија**,** судии на судско место 1,0 дневница за еден ден,
- помошни судии 0,70 дневница за еден ден.
- редари 0,50 дневница за еден ден.

Наведените коефициенти се искажани за еден ден работа на извршителите. Во зависност колку дена трае натпреварот коефициентот се множи со бројот на денови и се добива вкупната сума за исплата на секој извршител на натпреварот.

Основица за висина на денвницата е висината на дневницата утврдена со закон т.е по Сл.весник за тековниот месец во кој се одржува натпреварот.

Во судската такса не е израчуната дневницата од став 1 од овој член.

3. Трошоците за превоз со сопствен автомобил се пресметуваат во износ од 30% од цената на еден литар гориво МБ 98 по секој поминат километар при одење, обавување на работните задачи и враќање од натпреварот.

Евентуално користење на услуги на јавен превоз (воз, автобус, авион) се плаќа по вистинската цена на овој превоз.

Организаторот може да обезбеди и соодветен превоз на сопствен трошок.

4. Организаторот е должен за спротските функционери ангажирани на натпреварот, чие место на живеење е надвор од местото на одржување на натпреварот да ги сноси трошоците за хотелско сместување и ноќевање.

Исплата на трошоците од овој член организаторот е должен да ги изврши најкасно по завршување на натпреварот, а во исклучителни случаи најкасно 5 (пет) дена по одржување на натпреварот.

## ОБЛЕКИ И ОЗНАКИ

**Член 28**

Покрај лиценцата од АФМ, спортските функционери ангажирани на натпреварот се должни за време на натпреварот да носат специјални ознаки со 80 х 40 мм кои ги обезбедува организаторот. Ознаките се така изработени лесно да може да се постават на градите од левата страна. На овие ознаки се наоѓаат амблемот на АФМ и организаторот, име и презиме и функција на натпреварот.

## ОСИГИРУВАЊЕ

**Член 29**

Сите извршни и надзорни спортски функционери на натпреварот мораат да бидат осигурани од страна на организаторот во износите пропишани со додатоците

на правилниците за тековната година, во случај на евентуална несреќа со последици на смрт или траен инвалидитет на спортскиот функционер.

Извршните и надзорните спортски функционери на натпреварите ги обавуваат задачите и работата на сопствена одговорност и доколку до несреќа дојде по грешка на спортскиот функционер, организаторот не сноси никаква дополнителна материјална одговорност, која не е покриена со полисата за осигирување.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 30**

Поради специфичностите на работата и начинот на работа на мерачите на време и тотализаторите, како и работата на техничката комисија на АФМ и нејзиниот делегат, комесарот (делагатот) на АФМ и членовите на жирито, работите и дејствијата од овие служби се регулираат со посебен Правилник за работа на Службата "хроно" на АФМ и посебен Правилник за работа на Техничка комисија на АФМ.

Наведените правилници ги донесуваат С комисија на АФМ и претставуваат составен дел од овој Посебен правилник.

**Член 31**

Овој Посебен правилник за правата и должностите на спортските функционери во авто и картинг спортот стапува во сила со денот на донесувањето.

**Член 32**

Измена и дополнување на овој Посебен правилник се вршат на начин и постапка како и при неговото донесување.

***УПРАВЕН ОДБОР НА АФМ***
***ПРЕТСЕДАТЕЛ***

***Г-дин Владимир Лазов***

# ПОСЕБЕН ПРАВИЛНИК

# ЗА

# ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА

# СПОРТСКИТЕ ФУНКЦИОНЕРИ

# ВО АВТО - КАРТИНГ СПОРТОТ

**Јануар 2008, Скопје**

## *СИГНАЛИЗАЦИЈА*

На сите натпреварувања сигнализацијата мора да биде усогласена со Додатокот " X " на ФИА.

Употребата на сигналните знаци,со кое располага секое судиско место, ги одредува раководителот на тоа судиско место или директорот на натпреварот .

На натпреварувањата се користат следните сигнални знаци:

| ***Реден Број*** | ***Сигнал*** | ***Значење*** |
|---|---|---|
| **1.** | ***Подигање на знаменце на РМ*** | *Претстартен интервал од 5 секунди* |
| **2.** | ***Спуштање на знаменце на РМ*** | *С Т А Р Т* |
| **3.** | ***Светло сино знаме*** | *Знак на возачот дека го следи друг возач на многу блиско растојание и може да го претекне* |
| **4.** | ***Жолто знаме*** | *Опасност ! Забрането претекнување* |
| **5.** | ***Жолто знаме со вертикални црвени ленти*** | *Масло на патеката - лизгав коловоз* |
| **6.** | ***Бело знаме*** | *На патеката се наоѓа поспоро возило* |
| **7.** | ***Зелено знаме*** | *Отстранети се претходно сигнализираните опасности* |
| **8.** | ***Црвено знаме*** | *Задолжително застанување* |
| **9.** | ***Црно бело знаме ( шах-поле)*** | *Ц Е Л* |
| **10.** | ***Мавтање со жолто знаме*** | *Непосредна близина на опасност* |
| **11.** | ***Вкрстени знамиња ( жолто и жолто-црвено )*** | *Многу сериозна опасност* |

Знамињата се употребуваат според член 4 - сигнализација од АНЕКС " X "